Врз основа на член 42 став (2) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија"бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), министерката за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИТЕ, ИЗЛЕТИТЕ И ДРУГИТЕ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта.

### Член 2

Со овој правилник се опфатени следните вонучилишнни активности на учениците: излет, екскурзија, настава во природа, летни и зимски кампови/школи.

### Член 3

Екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците што ги организираат основните училишта се воспитно-образовни активности што се изведуваат надвор од училиштето со цел проширување и продлабочување на знаењето на учениците од одделни воспитно-образовни подрачја и наставни предмети, како и остварување на други воспитни, образовни и рекреативни цели.

### Член 4

Целите на училишните екскурзии, излетите и другите вонучилишни активности се остваруваат преку:

- истражување објекти и појави во природата, како и односите во општествениот живот;
- посети на локалитети и објекти од културно, историско и друго значење;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- запознавање со културата и со начинот на живеење на луѓето во одделни краеви на државата;
- градење чувство за припадност кон државата, самобитност, толеранција и соживот;
- запознавање на учениците со културата на различните етнички заедници кои живеат во Република Северна Македонија (преку изборот на културно-историските објекти што ќе се посетуваат) за примена на меѓуетничка интеграција во образованието;
- развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и на граѓаните кои припаѓаат на другите народи кои живеат во државата;
- дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе и

- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење.

## III. ПЛАНИРАЊЕ, ПРОГРАМИРАЊЕ И УСЛОВИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИТЕ, ИЗЛЕТИТЕ И ДРУГИТЕ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

### Член 5

Со годишната програма за работа на училиштето се опфаќаат: планот, програмата/содржината, условите за организација и за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта.

### Член 6

Врз основа на годишната програма за работа на училиштето, се изготвува Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците.

Училишниот одбор со одлука формира посебен стручен тим за подготовка на Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта. Стручниот тим го сочинуваат: директорот на училиштето, претставник од стручната служба на училиштето, одделенски раководители или други наставници кои реализираат настава во училиштето во траење од најмалку една учебна година.

Директорот на училиштето именува раководител на екскурзијата, излетот и другите вонучилишни активности од редот на наставниците кои реализираат настава во одделенијата со кои ќе се изведува екскурзијата или другата вонучилишна активност.

Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта треба да ги содржи следните податоци:

- колку и какви екскурзии, излети и други вонучилишни активности се предвидуваат, за кои ученици (кое одделение) е наменета секоја од нив;
- воспитно-образовни цели, при што целите треба да бидат конкретизирани во секоја програма во зависност од видот на екскурзијата, излетот и другите вонучилишни активности и возраста на учениците;
- содржина и опис на активности;
- одговорен наставник, други вклучени наставници;
- ученици вклучени во активноста;
- времетраење;
- следење на реализацијата;
- локации за посета и разгледување;
- правци на патување;
- распоред на часови (за настава во природа);
- кодекс за однесување на учениците;
- техничка организација и
- начин на финансирање.

За подготовките од стручно-педагошки и техничко-организационен и безбедносен карактер при изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности, во училиштето се грижи стручниот тим од став 2 на овој член.

Програмите за излетите, екскурзиите и другите вонучилишни активности што се предвидени со годишната програма за работа на училиштето, се објавуваат на огласната табла и на интернет страницата на училиштето.

**Член 7**

За време на организирање и на реализирање настава која трае помалку од 180 наставни дена, како и реализирање настава по скратени наставни програми во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), или за време на организирање настава преку далечинско учење, училиштето не изготвува Програма за излетите, екскурзиите и другите вонучилишни активности.

Ако училишниот одбор има одобрено Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците пред прогласување на вонредни околности од ставот 1 на овој член, истата се става во мирување се додека траат вонредните околности.

**Член 8**

За време на организирање и на реализирање настава која трае помалку од 180 наставни дена, како и реализирање настава по скратени наставни програми во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди) или за време на организирање настава преку далечинско учење, училиштето може да планира и да организира два еднодневни излети со учениците во текот на наставната година, во есен и во пролет, а истите се изведуваат во траење до пет часа за остварување на спортско-рекреативни, воспитни и образовни цели.

Излетите од став 1 на овој член се организираат на оддалеченост до два километри од училиштето, без користење јавен превоз.

Излетите се организираат на ниво на одделение, но не повеќе од две паралелки во ист ден, на иста локација.

При организирање на излетите се запазуваат сите протоколи и препораки во согласност со условите во коишто се организираат.

Планот и организацијата на излетите се одобруваат од страна на училишниот одбор.

**Член 9**

Стручниот тим изработува Кодекс за однесување на учениците за време на училишните екскурзии, излети и други вонучилишни активности (во натамошниот текст: Кодексот).

Кодексот содржи:

- задолжително почитување на законите на Република Северна Македонија;
- достојно претставување на своето училиште, градот;
- забрана за консумирање алкохол и други недозволени супстанции;
- забрана за нарушување на јавниот ред и мир, насилно однесување и нанесување материјална штета и
- забрана за оддалечување од групата.

Врз основа на Кодексот, родителот/старателот на ученикот потпишува изјава дека при изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности ќе ги почитуваат одредбите од Кодексот. Потпишаната изјава се предава на одделенскиот раководител/раководителот на паралелката најдоцна три дена пред изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности.

На ученикот кој за време на училишната екскурзија, излетот и другите вонучилишни активности не го почитува Кодексот, наставничкиот совет му забранува учество на наредните училишни екскурзии, излети и други вонучилишни активности и предлага да му се изрече педагошка мерка.

**Член 10**

За секоја Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта, која ја изработува стручниот тим, мислење дава Советот на родители на училиштето. Мислењето за екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности од страна на Советот на родители се доставува до училиштето најмногу пет дена од денот на доставувањето од страна на тимот.

Мислењата за екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности од страна на Советот на родители на училиштето се доставуваат до училиштето најмногу пет дена од денот на доставувањето од страна на тимот.

Врз основа на мислењата од ставот 1 на овој член, училишниот одбор ја одобрува програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училиштата најдоцна во рок од 20 дена од денот на доставувањето на мислењето од Советот на родители.

**Член 11**

Училишната екскурзија се изведува откако е добиено одобрение за изведување на екскурзијата од училишниот одбор, по што екскурзијата се организира и се изведува со писмена согласност од најмалку 30% од родителите на учениците од одделението/одделенијата.

За учениците кои не учествуваат во екскурзијата, училиштето организира настава.

**Член 12**

Наставата во природа се организира со учениците од V одделение за време на воспитно-образовната работа, во текот на наставната година.

Наставата во природа се изведува во согласност со најмалку 50% од родителите на учениците во одделението.

Објектите во кои се изведува наставата во природа имаат најмалку една училница, опремена според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишно основно образование во Република Северна Македонија.

За непосредна реализација на наставата во природа, одговорен е одделенскиот раководител на паралелката.

За учениците кои не одат на настава во природа, училиштето организира настава во училиштето.

За ученици со попречености, наставата во природа се организира со придружба, во согласност со видот и степенот на попреченост, при што придружник

може да биде: родител/старател, образовен асистент, специјален едукатор и рехабилитатор.

**Член 13**

Летните и зимските кампови/школи се организираат и се изведуваат за учениците од I до IX одделение за време на летниот и зимскиот училиштен распуст во рамки на училиштето и надвор од него.

За учениците со попречености, летните и зимските школи се организираат со придружба, во согласност со видот и степенот на попреченост, при што придружник може да биде: родител/старател, асистент, специјален едукатор и рехабилитатор.

Летните и зимските кампови/школи се организираат и се изведуваат во објекти кои имаат најмалку една училница, опремена според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишно основно образование во Република Северна Македонија.

**Член 14**

За учениците од социјално загрозени семејства кои не можат да учествуваат на училишните екскурзии, директорот може да обезбеди нивно учество со користење на поволности кои ги нуди агенцијата која учествува во изведувањето на наведените активности или од сопствени извори на училиштето, донации, спонзорства и други извори на училиштето.

## IV. ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИТЕ, ИЗЛЕТИТЕ И ДРУГИТЕ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

**Член 15**

Екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта за сите ученици од исто одделение во училиштето се организираат истовремено, со иста содржина и исти активности.

За учениците со попреченост, инклузирани во основните училишта, екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности се организираат истовремено, а содржината и активностите се адаптираат во зависност од видот и степенот на попреченост, индивидуалните афинитети, потреби и можности на учениците.

Екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности за сите ученици со попречености од основно училиште со ресурсен центар се организираат истовремено, со различна содржина и активности во зависност од видот и степенот на попреченост, како и од индивидуалните афинитети, потреби и можности на учениците.

**Член 16**

Екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта се организираат и се изведуваат на територијата на Република Северна Македонија.

**Член 17**

За реализација на екскурзиите, училиштата, во согласност со нивната цел и нивното времетраење, избираат некои од следните места, локалитети и објекти:

- **Берово:** Беровско Езеро, манастир „Св. Архангел Михаил", Музеј на град Берово.
- **Битола:** Хераклеја, Природнонаучен музеј – Битола и Национален парк „Пелистер", Историски музеј – Битола, Музеј на албанската азбука – Битола, Спомен-соба на Мустафа Кемал Ататурк.
- **Виница:** Виничко Кале, Музејот на теракотата.
- **Вевчани:** Вевчански Извори.
- **Велес:** Велешко Езеро, Спомен-костурница, Музеј на град Велес , Спомен-куќа на Кочо Рацин.
- **Гевгелија:** Вардарски Рид;
- **Гостивар:** изворот на реката Вардар „Вруток", Бегова куќа, Саат-кула;
- **Дебар:** ХЕЦ „Шпиље", Косовраски Бањи, кањонот на Радика, традиционална албанска куќа (куќа на семејството Еребара), Бигорски манастир „Св. Јован Крстител", манастир „Св. Георгиј Победоносец" – Рајчица.
- **Делчево:** Археолошко-етнолошката поставка на артефакти од Пијанечкиот Регион (Дом на културата во Делчево) и Патеката на биодиверзитетот по речниот слив на реката Брегалница; планината Голак со содржините на манастирот „Свети Пантелејмон" и Патеката на билките; Спомен-домот на Разловечкото востание – с. Разловци.
- **Дојран:** Дојранско Езеро.
- **Кавадарци:** „Стоби", „Фени", ХЕЦ „Тиквеш", Спомен-обележјето „12 ваташки младинци", Спомен-куќата на Страшо Пинџур, Музеј на град Кавадарци, градски парк – Спомен-костурница.
- **Кичево:** манастир „Св. Богородица – Пречиста", Куќа на уметноста, Музеј на град Кичево, Кале, Спомен-обележје „Мајка" – Зајас, изворот на реката Треска.
- **Кочани:** Споменик на слободата, манастирски комплекс Св. Пантелеј, Спомен-обележје во с. Свиланово (загинување на Никола Карев), Етнокуќа, браната „Градче" и Кочанска Река.
- **Кратово:** Големо градиште с. Коњух.
- **Крива Паланка:** манастир „Св. Јоаким Осоговски", Планински туристички центар „Калин Камен" (Осоговски Планини), Кривопаланечка тврдина, Спомен-костурница.
- **Крушево:** Спомен-куќа на Тодор Проески, споменик „Македониум", споменик „Мечкин камен", Галерија на Никола Мартиноски, црква „Св. Никола".
- **Куманово:** опсерваторијата „Кокино" и Човеков Камен.
- **Маврово:** Зимскиот рекреативен центар „Маврово" и Снежен град.
- **Македонски Брод:** пештерата „Пешна".
- **Неготино:** ТЕЦ „Неготино".
- **Охрид:** Лихнидос, Стар Град, античкиот театар, Плаошник и Самоилова тврдина, црква „Св. Софија" – Охрид, црква „Св. Богородица Перивлепта", црква „Св. Јован Богослов" – Канео, манастир „Св. Наум Охридски", Наколно живеалиште „Град на вода", Хидробиолошки завод, Билјанини Извори и Аеродром Охрид.
- **Пехчево:** водопадите во туристичката населба Равна Река – Пехчево; Едукативниот центар за зачувување на природата во Брегалничкиот Регион во

село Негрево – Општина Пехчево и археолошкиот локалитет и манастирот „Св. Петка“;

- **Прилеп:** Горен Град и Маркови Кули, манастир „Свето Преображение“ во Зрзе, манастир „Успение на Пресвета Богородица“ во Трескавец, манастир „Св. Никола“ – с. манастир, Мариово, манастир „Св. Архангел Михаил“ – Варош, црква „Св Никола“ – Варош, куќата на Блаже Конески во с. Небрегово.
- **Пробиштип:** манастир „Гаврил Лесновски“ – с. Лесново.
- **Ресен:** црква „Св. Георгиј“ – Курбиново, сарајот во Ресен, Музеј на град Ресен, Преспанско Езеро.
- **Скопје:** кањонот на Матка, манастир „Успение на Пресвета Богородица“ – Матка, манастир „Св. Пантелејмон“ – Горно Нерези, манастир „Св. Андреј“ – Матка, Марков манастир, Скупи, Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје, Римскиот вијадукт, Археолошки локалитет „Тумба Маџари“, Скопско Кале, Стара чаршија, Аеродром Скопје, Спомен-куќа на Мајка Тереза, Археолошки музеј, Музеј на македонската борба, Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија, црква „Св. Спас“ (почивалиште на Гоце Делчев) – Скопје, Природнонаучен музеј и ЗОО;
- **Струга:** Природнонаучен музеј, Спомен-дом на „Браќа Миладиновци“, Етнолошки музеј „Виа Кандавија“ во с. Ливадиште, џамија „Мустафа Челеби“ и манастирот „Св. Богородица“ (с. Калишта), Струга.
- **Струмица:** Колешински Водопади и Смоларски Водопади, манастир „Успение на Пресвета Богородица“ – Елеуса, манастир „Св. Леонтиј“ – Водоча.
- **Тетово:** Шарена џамија и Тетовско Кале, Лешочки манастир „Св. Атанасиј“, Арабати баба теќе – Тетово; Куќата на Јовановци – Тетово, Музеј на град Тетово, Зимски рекреативен центар „Попова Шапка“.
- **Штип:** Музејот на градот Штип (1. Историска поставка; 2. Археолошка поставка; 3. Музеј на ВМРО за Штип и Штипско), Археолошки локалитет „Баргала“, Исар, црква „Св. Никола“, црква „Св. Богородица“ – Ново село.
- **Локалитети на Мрежата за искуствено учење (miu.mk) и националните паркови низ целата држава:** (Ботаничка градина при Природно-математичкиот факултет Скопје; ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид; Народна техника, Скопје; Едукативен центар за заштита на природата, село Негрево, Пехчево; Биотехнолошка лабораторија, Скопје; Парк на природата Езерани при Македонското еколошко друштво, Ресен, Национален парк Пелистер; Национален парк Маврово; Национален парк Галичица; Национален парк Шар Планина и други).

За време на екскурзијата се забранува посета на места, локалитети и објекти од типот на: забавни паркови, аквапаркови, спортски настани, музички настани, забави, дискотеки и слично, како и места кои може да претставуваат безбедносен ризик или не се соодветни за возраста, интересите и воспитно-образовните цели на учениците.

Училиштето може да предложи и друга локација за екскурзија, со аргументирано образложение за изборот на локацијата. Предложената локација ја доставува до основачот за општинските основни училишта и Министерството за образование и наука за државните основни училишта, по што доколку добие позитивно мислење, локацијата станува дел од Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основното училиште кое ја предлага локацијата.

Екскурзиите за учениците со попречености од основно училиште со ресурсен центар се организираат и се изведуваат на места, локалитети и објекти кои не се

ограничени со дадените реони, односно се изведуваат на цела територија на Република Северна Македонија, според пристапноста на теренот.

**Член 18**

Посетата на локалитетите од член 17 од овој правилник, не се повторува со ученици кои веќе го посетиле одбраниот локалитет.

**Член 19**

Училиштето организира излети за сите ученици најмногу двапати во учебната година, во есен и во пролет, а се изведуваат во поблиската околина, во траење до еден ден, за остварување на спортско-рекреативни, воспитни и образовни цели.

Излетите за учениците од I до III одделение се изведуваат до 30 километри оддалеченост од општината во којашто се наоѓа основното училиште, а за учениците од IV до IX одделение до 50 километри оддалеченост од општината во којашто се наоѓа основното училиште за остварување на воспитни и образовни цели.

За учениците со попреченост, излетите се организираат со придружба, во согласност со видот и степенот на попреченост, при што придружник може да биде: родител/старател, асистент, специјален едукатор и рехабилитатор.

Училиштето организира екскурзија еднаш во наставната година во траење од еден до три дена, и тоа:

- за учениците од III одделение – еден ден;
- за учениците од VI одделение – два дена и
- за учениците од IX одделение – три дена.

За училиштата со помал број ученици, екскурзиите може да се изведуваат истовремено со ученици од VI и IX одделение со времетраење од два до три дена.

За учениците со попреченост, екскурзиите се организираат со придружба, во согласност со видот и степенот на попреченост, при што придружник може да биде: родител/старател, асистент, специјален едукатор и рехабилитатор.

Покрај екскурзиите од став 4 на овој член, училиштето еднаш во текот на наставната година може да организира една еднодневна екскурзија за остварување на воспитни и образовни цели, во согласност со развојните периоди за учениците од I до IX одделение за посета на научни/едукативни институции и манифестации, зоолошка градина, музички детски фестивал, саем, театар, опера, балет, кино, музеј и сл.

Наставата во природа се организира во траење од три до пет дена еднаш во наставната година.

Летните и зимските кампови/школи може да се организираат во траење од пет до десет дена.

За летните и зимските кампови/школи, неопходно е да се изготви посебна програма и да се обезбедат соодветни услови и опрема.

За овие форми на спортско-рекреативни активности, се прават посебни подготовки на учениците, како: физичка подготовка и обезбедување соодветна опрема, земајќи ги предвид и сите фактори на ризик.

## Член 20

За избор на правен субјект за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, училиштето, во име на родителите, спроведува постапка за прибирање понуди со објавување јавен оглас во најмалку два дневни весника, од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик. Истовремено, училиштето го истакнува огласот и на видно место на влезот во училишната зграда.

Јавниот оглас треба навремено да биде објавен, при тоа да се води сметка за запазување на сите рокови пропишани со овој правилник, заради навремено реализирање на сите планирани екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта.

Постапката ја спроведува комисија формирана со одлука на училишниот одбор. Комисијата е составена од пет члена, и тоа: три члена од редот на советот на родители од генерацијата на ученици за која се спроведува екскурзијата и два члена од редот на наставниците. Претседател на комисијата е еден од членовите на комисијата од советот на родители.

Комисијата го подготвува огласот во вид на покана за доставување понуди, наведувајќи ги: описот на услугата; минималните услови кои треба да ги исполни понудувачот; документите кои треба да ги достави понудувачот; информации за вредноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот, која може да биде во висина од 5% до 15%; крајниот рок; местото и начинот за доставување на истите; како и датумот на јавното отворање на понудите. Трошоците за објавување на огласот се на сметка на училиштето.

Описот на услугата се подготвува во согласност со Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основното училиште.

Минималните услови кои треба да ги исполни понудувачот се подготвуваат во согласност со член 22 од овој правилник.

Рокот за доставување на понудата не смее да биде пократок од пет работни дена.

Комисијата ќе пристапи кон евалуација на понудите, доколку е добиена најмалку една понуда. Комисијата спроведува евалуација, подготвува извештај од евалуацијата на понудите и дава предлог за избор на најповолен понудувач или предлог за поништување на постапката во рок од пет работни дена од денот утврден како краен рок за доставување понуди. Комисијата може да даде предлог за поништување на постапката во следните случаи, и тоа:

- доколку не е поднесена ниту една понуда,
- доколку не е поднесена ниту една прифатлива понуда,
- доколку цените во понудата се понеповолни од реалните пазарни цени.

Училишниот одбор во рок од пет работни дена донесува одлука за избор или одлука за поништување на постапката.

## Член 21

На огласот за прибирање понуди може да се јават правни лица кои ги исполнуваат условите утврдени во истиот.

Понудите треба да бидат изработени и доставени во согласност со барањата во огласот. Понудите не треба да содржат алтернативни решенија, односно треба да

бидат изработени конкретно и во согласност со барањата дефинирани во описот на услугата, кој е дел од поканата за доставување понуда.

Понудата која содржи дополнителни елементи или услуги нема да има предност при евалуација на истата.

Цените во понудите мора да бидат фиксни, односно не е дозволена корекција на цени во текот на реализација на договорот.

**Член 22**

Критериум за доделување на договор за изведување на екскурзиите, излетите или други вонучилишни активности на учениците од основните училишта е најниската цена.

Минималните услови кои треба да ги исполни понудувачот се:

- да е регистриран во согласност со позитивните прописи во Република Северна Македонија за вршење на соодветна туристичка дејност.
- да е регистриран најмалку три години пред изведувањето на екскурзијата, излетот или друга вонучилишна активност на учениците од основните училишта.
- да има успешно реализирана сопствена аражманска програма во Република Северна Македонија.
- да ги исполнува условите за превоз на групи деца, во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца.

Дополнителни критериуми се:

- хотели (колку ѕвезди и дали сместување во еден или повеќе доколку се работи за поголема група) и пред резервации,
- мени за исхрана,
- платени влезници за посета на културно историски знаменитости,
- вид на високо туристички автобуси,
- плаќање на рати (или до пред поаѓање),
- ангажирање на лекар,
- социјални случаи (за колку ученици ќе се обезбеди ослободување од надомест),
- туристички придружници/водич.

Понудата на понудувачот кој не ги исполнува минималните услови ќе биде одбиена од страна на комисијата како неприфатлива.

Комисијата не смее да утврдува дополнителни минимални услови и критериуми во огласот за прибирање понуди, освен условите и критериумите наведени во ставот 2 на овој член.

**Член 23**

Неизбраните понудувачи имаат право на жалба, преку општинското основно училиште, до градоначалникот на општината, во рок од осум дена од денот на добивањето на одлуката за избор на најповолна понуда.

Градоначалникот формира Комисија која одлучува по жалбите од став 1 на овој член.

Неизбраните понудувачи имаат право на жалба, преку државното основно училиште, до Министерството за образование и наука, во рок од осум дена од денот на добивањето на одлуката за избор на најповолна понуда.

Министерот за образование и наука формира комисија која одлучува по жалбата од ставот 3 на овој член.

Училиштето, во рок од три дена од денот на приемот на жалбата, со целокупната документација од спроведената постапка ја доставува до градоначалникот, односно до Министерството за образование и наука.

Градоначалникот, односно министерот за образование и наука одлучува по жалбата во рок од 15 дена од денот на добивањето на жалбата.

**Член 24**

Одделенските раководители ги запознаваат родителите за финансиските износи потребни за екскурзиите најдоцна 10 дена од денот на конечниот избор за најповолен понудувач.

Оваа постапка се спроведува пред склучување на договорот, имајќи предвид дека во договорот мора да биде вклучен точниот број на ученици кои ќе учествуваат во екскурзијата.

**Член 25**

Директорот на училиштето склучува договор со понудувачот кој понудил најниска цена и ги исполнува критериумите од член 22 на овој правилник за изведување на екскурзијата, излетот и другите вонучилишни активности.

Договорот кој го склучува директорот на училиштето со понудувачот треба да содржи сè што е наведено во понудата, во согласност со барањето за прибирање понуди, како:

- поединечната и вкупната цена на услугата (сместување, превоз и исхрана);
- условите за сместување, менито за исхрана и превозот;
- во цената влегува и посебното осигурување на учениците;
- начинот на плаќање;
- водичите, бројот на наставници, бројот на придружници за учениците со попреченост и лекар;
- поволностите за учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.

Во рок од 5 дена по потпишување на договорот, избраниот понудувач доставува банкарска гаранција за квалитетно изведување на екскурзијата, излетот и другите вонучилишни активности во висина од 5% до 15% од вкупната вредност на договорот.

Составен дел на договорот се и условите предвидени во понудата и Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта.

**Член 26**

Непосредно пред реализација на патувањето, директорот проверува дали се обезбедени доволен број автобуси со седишта за добро и безбедно сместување на сите ученици.

Патувањето не треба да се изведува во периодот од 22 до 6 часот наутро, а за еднодневните екскурзии патувањето не треба да се изведува во периодот од 17 до 6 часот наутро.

**Член 27**

Еден ден пред реализација на патувањето, од превозникот кој го изведува превозот, директорот треба да добие доказ за вонредна техничка исправност на возилото за јавен превоз, во согласност со постојните важечки закони во Република Северна Македонија и записник за извршен вонреден технички преглед на автобусот, не постар од шест месеци.

Возачот на автобусот треба да има лекарско уверение не постаро од шест месеци и потврда од одговорното лице на превозникот дека не возел 12 часа пред поаѓањето.

**Член 28**

Директорот не го одобрува патувањето доколку автобусот не ги исполнува наведените услови во поглед на техничката исправност, потребниот број на седишта и доколку автобусот не е климатизиран.

Директорот на училиштето, најдоцна 48 часа пред отпочнување на патувањето, го известува органот надлежен за внатрешни работи за:

- превозникот,
- местото и времето на поаѓањето на учениците,
- бројот на ангажираните автобуси и
- бројот на пријавените ученици, наставници и други лица.

Директорот на училиштето на вработените кои патуваат со учениците на екскурзија им издава патен налог за службено патување, додека пак на образовните асистенти патен налог за службено патување им издава директорот на основното училиште со ресурсен центар.

Доколку не се исполнети наведените услови, директорот на училиштето ќе ја запре реализацијата на екскурзијата, излетот или/и другите вонучилишни активности.

**Член 29**

Пред непосредната реализација, а најдоцна седум дена пред изведувањето на екскурзиите или другите вонучилишни активности, одделенскиот раководител организира состанок со учениците и нивните родители на кој ги информира и им дава детални објаснувања за програмата што ќе се реализира.

**Член 30**

Одделенските раководители треба да добијат од родителите/старателите податоци за здравствената состојба на учениците и за истите го известуваат лекарот пред поаѓањето.

Здравствените податоци на учениците се држат во тајност.

Ако за време на екскурзијата, излетот и другите вонучилишни активности, ученикот се разболи или се повреди, лекарот е должен да постапи според своите стручни надлежности и да побара помош во најблиската здравствена установа. Доколку ученикот се задржи на лекување, со ученикот треба да остане еден наставник, а другите ученици го продолжуваат патувањето.

Раководителот на екскурзијата, излетот и другите вонучилишни активности е должен да ги извести училиштето и родителите на повредениот или разболениот ученик и да организира превоз до неговото место на живеење.

## V. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ЕКСКУРЗИИТЕ, ИЗЛЕТИТЕ И ДРУГИТЕ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

### Член 31

Непосредно по реализирањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности, а најдоцна во рок од седум дена, стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги. Извештајот го разгледуваат наставничкиот совет и советот на родителите, а го усвојува училишниот одбор.

Извештајот станува составен дел на годишниот извештај за работа на училиштето.

Оделенските раководители ги запознаваат родителите со извештајот на родителскиот состанок.

Доколку при разгледувањето на извештајот за реализација на екскурзијата, излетот и другите вонучилишни активности се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договорените обврски, училиштето е должно за тоа да го извести основачот.

## VI. НАДЗОР

### Член 32

Надзор за спроведување на одредбите од овој правилник врши Државниот просветен инспекторат во рамките на надлежностите и овластувањата согласно Законот за просветна инспекција.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 33

Со денот на влегување во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 година и бр. 12-11297/1 од 15.10.2020 година.

### Член 34

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Министерка за образование и наука,**
**проф. д-р Весна Јаневска**

Број: 12-10853/1
Дата: ______._______.2025 година
Скопје

4 - -08- 2025